РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД
MINISTRIA E EKONOMISË DHE PUNËS
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 24-11-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Viera |
| | | | |

**До**

**Влада на Република Северна Македонија**

**Министерство за економија и труд**

м-р Бесар Дурмиши, Министер за економија и труд

г-дин Марјан Ристески, Заменик министер за економија и труд

**Копија до/**

Совет за безбедност и здравје при работа

Организација на Работодавачи на Македонија

Стопанска Комора на Северна Македонија

Сојуз на Синдикатите на Македонија

Конфедерација на слободни Синдикати на Македонија

Државен инспекторат за труд

**Дата:** 21.11.2025 г.

**Предмет:** Реакција на начин на донесување и обврски кои произлегуваат од новиот Правилник за начинот на изготвување на изјавата за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот (Сл. Весник на РСМ бр.233 од 17.11.2025).

Почитувани

Пред се изразуваме благодарност за идеата и реализацијата за промена на досегашниот Правилник за начинот на изготвување на изјавата за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот (Сл. Весник на РМ бр.2/2009).

**Здружение за заштита при работа на општина Битола**
ул.Партизанска 6б, Народна техника, 7000, Битола
zzprbt@gmail.com

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**
Градски Трговски Центар-ГТЦ, локал 582, кат 1, секција 369
kontakt@mzzpr.org.mk

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**
ул. Јордан Мијалков бр.40 локал 10
zbr28april@yahoo.com

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
ул.Антон Попов бр.6, Скопје
contact@tutela.org.mk

Навистина беше неопходна промена на овој правилник кој беше недоречен и создаваше конфузија со одредени одредби особено околу тоа дали проценката е содржана во изјавата или обратно.

Внимателно го разгледавме новиот правилник од аспект на негова примена во пракса, бидејќи членовите на нашите Здруженија се тие кои ќе траба да го спроведуваат во компаниите.

Забележавме неколку нејасноти за кои сметаме дека треба во најкус можен рок треба да добиеме конкретен одговор од вас за понатамошно спроведување на правилникот.

- Член 3 став 1 наведува дека **„Изготвувањето на изјавата за безбедност се врши по донесена одлука од страна на работодавачот за изготвување на проценката на ризик со одредување на едно или повеќе стручни лица од редот на вработените кои ја изготвуваат проценката на ризик."** - Ова значи дека изготвувањето на проценката на ризик го вршат стручните лица вработени кај работодавачот?
  Оваа одредба е спротивна на законските одредби од Законот за безбедност и здравје при работа( Сл.Весник на РМ 92/07 и сите последователни измени) поточно член 19 и член 46 каде стои:

Член 19 став (1) алинеа 3 **„изготвување на стручна основа за изјавата за безбедност"** и став (2) **„Стручното лице може да ги врши задачите наведени во ставот (1) алинеи 3, 4, 5 и 9 на овој член, доколку ги исполнува условите од членот 46 на овој закон."**

Член 46 (1) **„Министерот за економија и труд со правилник ги утврдува условите за вработените, организацијата, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручните работи."**

Од член 46 произлегува **Правилник за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичко лице за вршење стручни работи (Сл. весник на РМ бр.37/2008)**, односно **Правилник за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичко лице за вршење стручни работи од 05,05,2025** година **(кој не е објавен во Службен весник и за кој како Здруженија со претходен Допис до Влада на РСМ и Министерството за труд и економија примен во Вашата архива на**

**18.06.2025 година реагиравме за начинот на донесување и објавување**), во кој јасно е наведено дека за изготвување на концепт на изјава за безбедност и проценка на ризик е потребно овластување од ваша страна и услов за најмалку 3 вработени стручни лица за безбедност при работа со положен стручен испит.

Од претходно наведеното произлегуваат следните прашања на кои сакаме да добиеме одговор:

**Дали се мисли дека стручното лице кај работодавачот ќе ја изготвува проценката на ризик како што е наведено во новиот правилник во член 3 став (1)?**

Ако одговорот е „ДА", тогаш **Дали инспекторатот ќе казнува бидејќи не се испочитувани член 19 и член 46 од Законот за безбедност и здравје при работа?**

**Дали секој работодавач кој сака да изготви проценка на ризик ќе треба да има најмалку 3 стручни лица со положен стручен испит и овластување од МЕТ?**

**Што да почитуваме законот или правилникот, кој е во спротивност со законските одредби?**

Член 3 став (2) наведува: **„Во изготвувањето на проценката на ризикот учествуваат стручното лице за безбедност при работа на овластеното правно или физичко лице и специјалист по медицина на трудот од овластена здравствена установа".**

Според наведеното овие два субјекта само учествуваат, но не и изготвуваат, што е спротивно на законските одредби, особено за стручното лице од членовите во законот спомнати во точка 1.

Останува уште една дилема која би требало да се разјасни. **Во Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа (Сл. весник на РСМ бр. 275/2019)** во член 2 стои **„ Висината на трошоците за проценка на ризикот изнесува најмалку 3.000 денари по работно место."**, а во член 3 стои **„Висината на трошоците за изработката на концептот на изјавата за безбедност изнесува најмалку 300 денари, по работно место."**

Бидејки овој правилник ги утврдува висината на трошоците кои работодавачот ги плаќа на овластеното правно или физичко лице за изготвување на овие документи тогаш и оваа одредба е спротивна на одредбата од новиот правилник.

**Здружение за заштита при работа на општина Битола**
ул.Партизанска бб, Народна техника, 7000, Битола
zzprbt@gmail.com

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**
Градски Трговски Центар-ГТЦ, локал 582, кат 1, секција 369
kontakt@mzzpr.org.mk

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**
ул. Јордан Мијалков бр.40
локал 10
zbr28april@yahoo.com

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
ул.Антон Попов бр.6, Скопје
contact@tutela.org.mk

Од претходно наведеното произлегуваат и следните прашања на кои сакаме да добиеме одговор:

**Кој правилник да го почитуваме?**

- Ако предност има новиот правилник, кој е предмет на оваа дискусија, тогаш **Дали работодавачот треба да ја плаќа оваа услуга на овластеното правно или физичко лице за учество при изготвување на проценката на ризик?**

Во член 10 стои: **„По изготвената проценка на ризикот во однос на опасностите и штетностите, од страна на работодавачот се изготвува изјава за безбедност.“** Во член 4 од истиот правилник наведено е дека **,,проценката на ризик е составен дел на изјавата за безбедност”,** па е невозможно прво да правиме проценка, а потоа изјава, особено што во членот 6 се наведени податоците врз основа на кои се темели проценката на ризикот, а дел од нив се составен дел на изјавата за безбедност.

Повторно прашања кои произлегуваат од оваа констатација се:

**Кои членови од правилникот треба првично да ги испочитуваме членовите 4, 5 и 6 или членот 10?**

**Дали изјавата спомента во член 10 е некоја друга изјава различна од изјавата во член 4, но со исто име?**

Во правилникот на кој му престанува важноста со донесувањето на овој правилник во член 14 се регулираше содржината на заклучокот кој е составен дел на проценката на ризик и според член 5 од овој правилник. Според стариот правилник член 14 во заклучокот меѓу другото требаше да се наведат **„работни места кои се утврдени како работни места со зголемен ризик“**.

Во новиот правилник тоа го нема, а многу е важно бидејќи оваа одредба е поврзана со **Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените (Сл. Весник на РМ бр. 60/2013 и 168/2014)**.

Со уредбата се уредува видот на превентивниот здравствен преглед според проценетиот ризик, така вработените на работните места со зголемен ризик се упатуваа на претходен, периодичен, а по потреба и насочен преглед, додека другите на систематски преглед.

Исто така во член 9 став (4) од новиот правилник се спомнуваат работници кои работат на работни места со зголемен ризик.

Прашања кои произлегуваат од оваа констатација се:

**Според кои критериуми ќе се праќаат вработените на превентивни здравствени прегледи бидејќи сега работодавачот нема обврска да ги дефинира работните места со зголемен ризик?**

**Како да ги спроведеме обврските од член 9 став (4) од овој правилник без дефинирани работни места со зголемен ризик?**

Во член 11 став (1) кој ја регулира потребата од измени и дополни на изјавата за безбедност и проценката на ризик, во алинеа 3 стои: **„кога проценката на ризик е темелена на податоци кои не се веќе ажурни"**. Бидејки во член 4 од овој правилник кој ја регулира содржината на изјавата за безбедност, во став (1) алинеа 4 стои **„податоци за работните места, организациски единици на работодавачот и бројот на вработени "**, а слично барање има и во член 6 кој регулира на што се темели проценката на ризик, се поставува следното прашање:

**Дали ако се промени бројот на вработени кај работодавачот треба да се измени или дополни изјавата за безбедност и проценката на ризик, кој ќе ја врши оваа измена и дали повторно ќе треба да се плати на учесниците во проценката на ризик?**

Бидејќи во правилникот нема преодни одредби произлегуваат и следните прашања на кои очекуваме одговор:

**Дали веќе изготвените изјави за безбедност и проценки на ризик треба да се усогласат со овој правилник?**

**Ако треба да се усогласат кој е рокот за усогласување?**

**Кој правилник да се почитува при изработка на изјава за безбедност и проценка на ризик на веќе склучени договори и отпочнати постапки според стариот правилник?**

И клучно прашање за состојба и редослед на чекори кои во сите изминати години беспрекорно функционираше, **Дали е побарано мислење од Советот за безбедност и здравје при работа при подготовка на овој правилник согласно член 43 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа?**

**Бидејќи на 25.11.2025 година овој правилник влегува во сила ќе ве замолиме за брз одговор на прашањата за да можеме во целост да ги спроведеме неговите одредби.**

Во исчекување на покана за работен состанок од надлежните институции или одговор на овој Допис и реализирање на барањето доставено со Дописот за смена на актуелниот претставник на стручните Здруженија во Советот за БЗР (доставен до архива на Министерство за економија и труд на 30.01.2025 г.).

Со искрени желби за успешна соработка во интерес на БЗР,

**Здружение за заштита при работа на општина Битола, Битола**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

( Предраг Зариќ )

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

( Петар Наумовски )

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

( М-р Благоја Богоевски )

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

( М-р Дејан Ангеловски )

**Здружение за заштита при работа на општина Битола**
ул.Партизанска бб, Народна техника, 7000, Битола
zzprbt@gmail.com

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**
Градски Трговски Центар-ГТЦ, локал 582, кат 1, секција 369
kontakt@mzzpr.org.mk

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**
ул. Јордан Мијалков бр.40 локал 10
zbr28april@yahoo.com

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
ул.Антон Попов бр.6, Скопје
contact@tutela.org.mk